Технолошко-технички факултет-Велес
Примено: 01.06.2016
Орг. Един. 02 Број: 417/1 Прилог: Вредност:

Архивски знак: 0201
Рок на чување: трајно год.
01.06 2016 година
Потпис,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 12-19/4
23.05. 2016 год.
СКОПЈЕ

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 40. седница одржана на 30.04.2015 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиска програма „Иновативни технологии за храна и нутриционизам", трет циклус тригодишни студии на Технолошко-технички факултет во Велес, при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола**

1. Се акредитира студиска програма **„Иновативни технологии за храна и нутриционизам", трет циклус тригодишни студии на Технолошко-технички факултет во Велес, при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Доктор на техничко-технолошки науки од областа на храна и иновативни технологии,** Научно - истражувачко подрачје: Техничко-технолопшки науки, Медицински науки и здравство, Биотехнички науки, научно - истражувачко поле: Технологија на прехранбени технологии, Здравствена нега, Исхрана и диететика, Јавно здрвство и здравсвтена заштита, Биотехнологија, Прехранбена технологија, научно -истражувачка област: 22108, 30503, 30511, 30817, 41401 и друго.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет во Велес, , и одлуката од Универзитетски сенат на Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, за организирање трет циклус тригодишна студиска програма „Иновативни технологии за храна и нутриционизам“, на 03.03.2015 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на 38. седница одржана на 12.03.2015 година, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 40. седница одржана на 30.04.2015 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков